ДО
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
СКОВИН АД СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ПОДНЕСЕН ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА СКОВИН АД СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ЗА ДЕЛОВНАТА 2017 ГОДИНА

Неизвршните членови на Одборот на директори на СКОВИН АД СКОПЈЕ, согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, го следеше работењето на Друштвото во деловната 2017 година, а особено извештаите за работењето на Одборот на директори на Друштвото и финансиските извештаи и го поднесува овој извештај за својата работа во изминатата година.

## КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СКОВИН АД СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2017 ГОДИНА

Неизвршните членови на Одборот на директори на СКОВИН АД СКОПЈЕ, согласно своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото и делувајќи во согласност со системот за внатрешна контрола и процедури го заклучи следното:

## КОНТРОЛИ И ПРОЦЕДУРИ

Менаџментот на Друштвото изврши оценка на ефикасноста на процедурите и контролите за обелоденување, заклучно со 31.12. 2017 година и заклучи дека таквите контроли и процедури се ефективни и ефикасни, во согласност со законската регулатива.

### Годишен извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за внатрешна контрола на финансиските извештаи

По спроведената интерна контрола од страна на неизвршните членови на Одборот на директори на СКОВИН АД СКОПЈЕ, Одборот го поднесува следниот годишен извештај за резултатите од извршената контрола:

1. Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото се одговорни за воспоставување и одржување на адекватна внатрешна контрола на финансиското известување на СКОВИН АД СКОПЈЕ. Внатрешната контрола на финансиско известување е процес дизајниран со цел обезбедување респектибилна гаранција во врска со точноста на финансиското известување и подготовка на финансиските извештаи за целите на надворешното известување,

а во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Македонија. Секој систем за внатрешна контрола, независно од тоа колку успешно е дизајниран, има наследени ограничувања. Имајќи го тоа предвид и нашиот систем со сета желба за ефективна контрола обезбедува само разумна гаранција, со респект кон подготвувањето и презентацијата на финансиските извештаи.

2. За годината којашто заврши на 31. 12. 2017 година, неизвршните чонови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи, како и ревидираните финансиски извештаи и утврдија дека финансиските извештаи објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите значајни аспекти од работењето на фирмата.
3. Неизвршните членови на Одборот на директори веруваат дека воспоставениот систем за внатрешна контрола за финансиското известување и финансиските извештаи дава реален приказ на состојбите без материјални слабости, за годината која заврши на 31. 12. 2017 година.
4. „Б и Љ" Боро и Љупчо Д.О.О. Скопје, овластен ревизор, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на СКОВИН АД СКОПЈЕ, за годината која заврши на 31. 12. 2017 година, издаде Извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на СКОВИН АД СКОПЈЕ.

**ПРОМЕНИ ВО ВНАТРЕШНАТА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Неизвршните членови на Одоборот на директори на СКОВИН АД СКОПЈЕ, потврдуваат дека при внатрешната контрола на финансиските извештаи за годината која заврши на 31. 12. 2017 година, не беа променети критериумите за контрола, кои влијаеа или можеа да влијаат на материјалните аспекти на спроведената внатрешна контрола на финансиските извештаи.

**Неизвршни членови на Одбор на директори**
**на СКОВИН АД СКОПЈЕ**

Бр.

Април,2018

**Драган Наков** ____________

**Сашо Наков**____________

**Иван Бошковски**____________